115

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование, а во врска со Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии на студидките програми на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола во академската 2018/2019 година, Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола на седницата одржана на 03.07.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

за утврдување дополнителните критериуми
за запишување на студиските програми од трет
циклус на Технички факултет-Битола за 2018/2019 година

1. Како дополнителни критериуми за запишување на студенти студиските програми од трет циклус на Технички факултет-Битола за 2018/2019 година, се утврдуваат:

Право за запишување на трет циклус (докторски студии) на Технички факултет, Битола имаат кандидатите со:

- Минимална просечна оценка на студиите од 1 циклус, односно додипломски студии од 7,5 и

просечна оценка на втор циклус студии (последипломски студии) од 8.00.

- Расположливост на ментор од областа за која апликантот се определил во своето мотивационо писмо. Ове се потврдува после извршено интервју и добиена писмена согласност од потенцијалниот ментор.
- Познавање на англиски јазик на ниво „B2“ (разбирање, зборување, пишување).

Право за запишување на студиската програма СООБРАЌАЈНО-ТРАНСПОРТНО ИНЖЕНЕРСТВО имаат:

- Лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на сообраќаен факултет
- Лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на Технички факултет, Градежен факултет или Машински факултет на студиска програма од сообраќај/ транспорт

Покрај документите наведени во Конкурсот за упис на трет циклус во академската 2018/19 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола, кандидатите доплнително треба да достават:

- Диплома/уверение за завршен прв циклус студии, односно додипломски студии со податок за просечна оценка
- Диплома/уверение за завршен втор циклус студии, односно последипломски студии со податок за просечна оценка
- Доказ за познавање на англиски јазик на ниво “B2”

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02. 565/3
03.07.2018 г.
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Д е к а н
Ред.проф д-р Стојанче Нусев

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ РМ БИТОЛА